# Број 8
# 19.07.2024 година

Службен гласник на општина Делчево

Уредува

Излегува по потреба

Одделение за правни и општи работи

ЈУЛИ 2024

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002) и член 42 став 1 алинеја 3 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево" бр.15/2013, 2/2019 и 1/2021), Градоначалникот на Општина Делчево, на ден 19.07.2024 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на акти од 37.седница**
**на Советот на Општина Делчево**

I

Да се објават во „Сл.гласник на општина Делчево", актите донесени на 37.седница одржана на **19.07.2024** година и тоа:

1. **Заклучок** за усвојување на Извештај за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на општина Делчево;
2. **Одлука** за доделување на стипендии на ученици прогласени за првенци на генерацијата во општинските училишта;
3. **Одлука** за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа згр.бр.1 по барање на **Благојчо Ѓорѓиевски.**
4. **Одлука** за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа згр.бр.3 по барање на **Ѓорѓи Десподовски**;
5. **Одлука** за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа згр.бр.1 по барање на **Игорчо Ѓорѓиевски;**
6. **Одлука** за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа згр.бр.5 по барање на **Никола Илиевски**;
7. **Одлука** за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат, објект објект за чување на сточна храна згр.бр.1 по барање на **Трајчо Михаилов;**
8. **Одлука** за финансиска поддршка по барање УП 21-190 од 03.07.2024 година;
9. **Одлука** за финансиска поддршка по барање УП 21-174 од 20.06.2024 година;
10. **Одлука** за парична помош по барање бр.21-183 од 28.06. 2024;
11. **Решение** за избор на претседате на Комисијата за статут и прописи;
12. **Решение** за избор на претседател на Комисијата за еднакви можности меѓу мажите и жените;

II

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл.гласник на Општина Делчево".

Број 08- /1
19.07.2024 год.
Делчево

ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Градоначалник,
Горан Трајковски,с.р.

1.Врз основа на член 25 од Законот за полицијаЗаконот за полиција (Службен весник на Република Македонија“ бр.114/06), Законот за дополнување наЗаконот за полиција(,,Службен весник на Република Македонија“ бр.6/09), Законот за изменување и дополнување на Законот за полиција (,,Службен весник на Република Македонија“ бр.145/12),Законот за изменување и дополнување на Законот за полиција (,,Службен весник на Република Македонија“ бр.41/14), Законот за изменување и дополнување на Законот за полиција (,,Службен весник на Република Македонија“ бр.33/15)и Одлуката на Уставниот, суд на Република Македонија (,,Службен весник на Република Македонија“ број 148/08), како и член 36 став 1 т.13 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата 37.редовна седница, одржана на 19.07.2024 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Извештајот за јавната безбедност**
**и безбедноста на сообраќајот на патиштата**
**на подрачјето на општина Делчево**

1. Се усвојува Извештајот за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на општина Делчево, поднесен од страна на командирот на Полициската станица од општа надлежност-Делчево бр.23.28.11.1-4729 од 24.06.2024 година.

2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл. Гласник на општина Делчево“.

3. Заклучокот со Извештајот да се достави до:

- Министерот за внатрешни работи на РСМ;
- Народниот правобранител на РСМ.

**Број 09- 1061 /1** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**19.07. 2024 год.** — **Претседател,**
**Делчево** — **Гоце Попов,с.р.**

**2.** Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ“ бр.5/05) и член 22 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево“ бр.15/2013, 2/2019 и 1/2021), Советот на општина Делчево на својата 37. седница одржана на ден **19.07. 2024** година, донесе

**ОДЛУКА**
**За доделување на стипендии на ученици прогласени**
**за првенци на генерацијата во општинските училишта**

Член 1

Со оваа одлука се доделуваат стипендиии на ученици прогласени за првенци на генерацијата во учебната 2023/2024 година и тоа на:
1.Првенецот на генерација од ООУ „Ванчо Прке“, Делчево;
2.Првенецот на генерација од ООУ „Св.Климент Охридски“, Делчево;
3.Првенецот на генерација од СОУ „М.М.Брицо“, Делчево

Член 2

Стипендијата учениците ќе ја добиваат 9 (девет) месеци во текот на учебната 2024-2025 во нето износ 3,000,00 денари месечно за првенецот на генерацијата од СОУ „М.М.Брицо“-Делчево и по 2000,00 денари месечно за првенците на генерацијата од ООУ „Ванчо Прке“ и ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево.

Средствата ќе бидат обезбедени од Буџетот на општина Делчево.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

**Бр.09-1062 /1** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**19.07.2024 год.** — **Претседател,**
**Делчево** — **Гоце Попов,с.р.**

**3.** Врз основа на член 50 точка 6 и член 62 точка 1 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" број 5/02) и член 2 од Правилникот за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација ("Сл.весник на РМ" број 56/11,162/12), како и Законот за постапување со бесправно изградени објекти (Сл.В. 23/11, 54/11, 155/12, 56/13, 72/13, 44/14 115/14, 99/14, 124/15, 129/15, 217/15 ,31/16 и 190/17 ), Советот на Општина Делчево, на својата 37. редовна седница, одржана на ден 19.07.2024 година, донесе

**ОДЛУКА**

**за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат**

**Објект станбена куќа згр. бр. 1 –по барање на Благојчо Ѓорѓиевски**

Член 1

Се утврдува потреба од донесување на Урбанистичко планска документација со која ке се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти а во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект број уп I бр. 12-**146** од **15.05.2018** година, од страна на **Благојчо Ѓорѓиевски од с. Полето – Делчево** за бесправно изграден објект, **Објект станбена куќа –** означен во елаборат како зграда бр. **1** изграден на **КП бр. 1657 КО Делчево** запишана во имотен лист бр. **9558** и кој бесправен објект е надвор од урбанистички плански опфат.

Член 2

Со цел вклопување на бесправно изградениот објект од член 1, ќе се изработи и донесе урбанистичко планска документација согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Делчево".

**Број 09-1063/1** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**19.07.2024 година** — **Претседател,**
**Делчево** — **Гоце Попов,с.р.**

**4.** Врз основа на член 50 точка 6 и член 62 точка 1 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" број 5/02) и член 2 од Правилникот за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација ("Сл.весник на РМ" број 56/11,162/12), како и Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Сл.Весник на РМ"бр. 23/11, 54/11, 155/12, 56/13, 72/13, 44/14 115/14, 99/14, 124/15, 129/15, 217/15 ,31/16 и 190/17 ), Советот на Општина Делчево, на својата 37. редовна седница, одржана на ден 19.07.2024 година донесе

**ОДЛУКА**

**за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат**

**Објект станбена куќа згр. бр. 3 –по барање на Ѓорѓи Десподовски**

Член 1

Се утврдува потреба од донесување на Урбанистичко планска документација со која ке се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти а во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект број уп I бр. 12-**802** од **19.08.2011** година, од страна на **Ѓорѓи Десподовски од с. Драмче – Делчево** за бесправно изграден објект, **Објект станбена куќа –** означен во елаборат како зграда бр. **3** изграден на **КП бр. 2542 КО Делчево** запишана во имотен лист бр. **10230** и кој бесправен објект е надвор од урбанистички плански опфат.

Член 2

Со цел вклопување на бесправно изградениот објект од член 1, ќе се изработи и донесе урбанистичко планска документација согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Делчево".

**Број 09-1064/1** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**19.07.2024 година** — **Претседател,**
**Делчево** — **Гоце Попов, с.р.**

**5.** Врз основа на член 50 точка 6 и член 62 точка 1 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" број 5/02) и член 2 од Правилникот за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација ("Сл.весник на РМ" број 56/11,162/12), како и Законот за постапување со бесправно изградени објекти (Сл.Весник на РМ" 23/11, 54/11, 155/12, 56/13, 72/13, 44/14 115/14, 99/14, 124/15, 129/15, 217/15 ,31/16 и 190/17 ) Советот на Општина Делчево на, на својата 37. редовна седница, одржана на ден 19.07.2024 година донесе

**ОДЛУКА**
**за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат**
**Објект станбена куќа згр. бр. 1 –по барање на Игорчо Ѓорѓиевски**

Член 1

Се утврдува потреба од донесување на Урбанистичко планска документација со која ке се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти а во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект број уп I бр. 12-**147** од **15.05.2018** година, од страна на **Игорчо Ѓорѓиевски од с. Ветрен – Делчево** за бесправно изграден објект, **Објект станбена куќа –** означен во елаборат како зграда бр. **1** изграден на **КП бр. 1657 КО Делчево** запишана во имотен лист бр. **9558** и кој бесправен објект е надвор од урбанистички плански опфат.

Член 2

Со цел вклопување на бесправно изградениот објект од член 1, ќе се изработи и донесе урбанистичко планска документација согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Делчево".

**Број 09-1065/1** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**19.07.2024 година** — **Претседател,**
**Делчево** — **Гоце Попов,с.р.**

**6.** Врз основа на член 50 точка 6 и член 62 точка 1 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" број 5/02) и член 2 од Правилникот за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација ("Сл.весник на РМ" број 56/11,162/12), како и Законот за постапување со бесправно изградени објекти (Сл.Весник на РСМ"23/11, 54/11, 155/12, 56/13, 72/13, 44/14 115/14, 99/14, 124/15, 129/15, 217/15 ,31/16 и 190/17 ) Советот на Општина Делчево на, на својата 37. редовна седница, одржана на ден 19.07.2024 година донесе

**ОДЛУКА**
**за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат**
**Објект станбена куќа згр. бр. 5 –по барање на Никола Илиевски**

Член 1

Се утврдува потреба од донесување на Урбанистичко планска документација со која ке се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти а во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект број уп I бр. 12-**2252** од **02.09.2011** година, од страна на **Никола Илиевски од ул.„Првомајска" бр.20 – Делчево** за бесправно изграден објект, **Објект станбена куќа** – означен во елаборат како зграда бр. **5** изграден на **КП бр. 4082 КО Ветрен** запишана во имотен лист бр. **313** и кој бесправен објект е надвор од урбанистички плански опфат.

Член 2

Со цел вклопување на бесправно изградениот објект од член 1, ќе се изработи и донесе урбанистичко планска документација согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Делчево".

**Број 09-1066/1** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**19.07.2024 година** — **Претседател,**
**Делчево** — **Гоце Попов,с.р.**

**7.** Врз основа на член 50 точка 6 и член 62 точка 1 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ“ број 5/02) и член 2 од Правилникот за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација (“Сл.весник на РМ“ број 56/11,162/12), како и Законот за постапување со бесправно изградени објекти (Сл.В. 23/11, 54/11, 155/12, 56/13, 72/13, 44/14 115/14, 99/14, 124/15, 129/15, 217/15 ,31/16 и 190/17 ), Советот на Општина Делчево, на својата 37. редовна седница, одржана на ден 19.07.2024 година, донесе

**ОДЛУКА**

**за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат**

**Објект помошен објект за чубање на сточна храна згр. бр. 1 –по барање на Трајчо Михаилов**

Член 1

Се утврдува потреба од донесување на Урбанистичко планска документација со која ке се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти а во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект број уп I бр. 12-**226** од **02.10.2018** година, од страна на **Трајчо Михаилов од ул.„Григор Прличев‘‘ бр.9 – Делчево** за бесправно изграден објект, **Објект помошен објект за чубање на сточна храна –** означен во елаборат како зграда бр. **1** изграден на **КП бр. 2773, КП бр.2774 и КП бр.2776 КО Очипала** запишана во имотен лист бр. **418** и кој бесправен објект е надвор од урбанистички плански опфат.

Член 2

Со цел вклопување на бесправно изградениот објект од член 1, ќе се изработи и донесе урбанистичко планска документација согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Делчево“.

**Број 09-1067/1** | **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**19.07.2024 година** | **Претседател,**
**Делчево** | **Гоце Попов, с.р.**

**8.** Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа("Службен весник на РМ бр.5/2002) и Барање УП бр.21-190 од 03.07. 2024 година, Советот на Општина Делчево на својата 37. седница, одржана на ден 19.07. 2024 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за финансиска поддршка по барање**

**бр.21-190 од 03.07.2024**

Член 1

Се одобрува финансиски средства во износ од **15.000** денари по барање УП бр.21-190 од 03.07. 2024.

Член 2

Средствата ќе бидат наменети за поддршка за учество на **Милена Ангеловска** на Меѓународна Олимпијата по геонауки (IESO2024 )која ќе се одржи во Пекинг, Република Кина, во периодот од 08.08.2024 до 16.08.2024 година.

Член 3

Средствата ќе бидат исплатени од Буџетот на општината за 2024 година на име **Тихомир Ангелов**,на трансакциска сметка 240167004996835 УНИ Банка АД Скопје.

Член 4

Се задолжува Одделението за буџетска контрола, сметководство и администрирање на даноци

при Општина Делчево да ја спроведе одлуката по нејзиното стапување во сила.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Делчево.

**Бр. 09 – 1068 /1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**

**19.07. 2024 година** **Претседател,**

**Делчево** **Гоце Попов ,с.р.**

**9.** Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа("Службен весник на РМ бр.5/2002) и Барање УП бр.21-174 од 20.06. 2024 година, Советот на Општина Делчево на својата 37. седница, одржана на ден 19.07. 2024 година, донесе

О Д Л У К А
**за финансиска поддршка по барање**
**бр.21-174 од 20.06.2024**

Член 1

Се одобрува финансиски средства во износ од **20.000** денари по барање УП бр.21-174 од 20.06.2024.

Член 2

Средствата ќе бидат наменети за поддршка за организирање на дводневен настан со богата програма. Настанот ќе се одржи на самата патека во Индустриска зона –Делчево.

Член 3

Средствата ќе бидат исплатени од Буџетот на општината за 2024 година на име **ТИМ ЕНДУРО ДЕЛЧЕВО**,на трансакциска сметка 200003829544472, Стопанска Банка АД Скопје.

Член 4

Се задолжува Одделението за буџетска контрола, сметководство и администрирање на даноци при Општина Делчево да ја спроведе одлуката по нејзиното стапување во сила.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Делчево.

**Бр. 09 – 1069 /1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**19.07. 2024 година** **Претседател,**
**Делчево** **Гоце Попов,с.р.**

10. Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа("Службен весник на РМ бр.5/2002) и Барање УП1 21-183/1 од 28.06.2024 година, Советот на Општина Делчево на својата 37.седница, одржана на ден 19.07. 2024 година, донесе

О Д Л У К А
**за одобрување на финансиски средства**
**на Здружение ФК „Брегалница“-Делчево**

Член 1

Се одобруваат финансиски средства во износ од **120.000** денари на Здружение ФК „Брегалница“- 1926 Делчево.

Член 2

Средствата ќе бидат наменети за котизација и регистрација на играчи, лекарски прегледи и други трошоци за претстојнота натпреварувачка сезона на клубот во Третата фудбалска лига- Исток.

Средствата ќе исплатени од Буџетот на општината за 2024 година на име ФК „**БРЕГАЛНИЦА“ 1926 ДЕЛЧЕВО** на трансакциска сметка 300210000091836,Комерцијална банка АД Скопје.

Член 3

Се задолжува Одделението за буџетска контрола, сметководство и администрирање на даноци при Општина Делчево да ја спроведе одлуката по нејзиното стапување во сила.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Делчево.

Бр. 09 –1070 /1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
19.07.2024 година Претседател,
Делчево Гоце Попов,с.р.

11. Врз основа на член 32 став 2 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002) и член 30 став 1 алинеја 1 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево бр.15/2013, 2/2019 и 1/2021), Советот на Општина Делчево, на својата 37. редовна седница, одржана на ден 19.07.2024 година, донесе

РЕШЕНИЕ
за избор на претседател
на Комисијата за статут и прописи

1. За претседател на Комисијата за статут и прописи се избира Илче Каранфиловски.

II. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Делчево.

Број 09- 1071 /1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
19.07.2024 год. Претседател,
Делчево Гоце Попов,с.р.

12. Врз основа на член 32 став 2 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002) и член 30 став 1 алинеја 7 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево бр.15/2013, 2/2019 I 1/2021), Советот на Општина Делчево, на својата 37.седница, одржана на ден 19.07.2024 година, донесе

РЕШЕНИЕ

за избор на претседател

на Комисијата за еднакви можности помеѓу мажите и жените

I. За претседател на Комисијата за еднакви можности помеѓу мажите и жените се избира Маја Алексова.

II.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Делчево”.

Број 09-1072 /1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
19.07.2024 год. Претседател,
Д е л ч е в о Гоце Попов,с.р.